Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

# Н А Ц Р Т - З А П И С Н ИК

од Осмата седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, одржана на 27.01.2026 година

Скопје, јануари 2026 година

# Н А Ц Р Т - З А П И С Н И К

од Осмата седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, одржана на 27.01.2026 година

Седницата започна во 10:30 часот.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Никица Кусиникова-Здружение Конект Скопје.

На седницата присуствуваа членовите: Гоце Стоиловски - Министерството за внатрешни работи, Александра Цветановска-Министерство за правда, Суеда Бајрами - Министерство за односи меѓу заедниците, Марија Николовска Ѓорѓиев - Министерство за европски прашања, Ангелина Јакимовска-Министерство за финансии, Александра Анчева – Министерство за образование и наука, Стефан Вангелски – Министерство за локална самоуправа, Снежана Ристовска - Министерство за култура и туризам, Валентина Величковска-Македонски центар за меѓународна соработка Скопје, Бојана Божиновска Силјановска – Македонско здружение на млади правници Скопје, Беба Жагар – Институт за европска политика Скопје, Моника Илиоска Кантарџиоска - Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп, Андреј Сених – Здружение за поддршка на луѓето  кои живеат со ХИВ-Заедно посилни, Скопје, Зоран Димов - Здружение Ромски Деловен Информативен Центар на Македонија–ЗРДИЦМ Скопје, Данче Даниловска Бајдевска-Фондација за интернет и општество Метаморфозис, Скопје и Драгица Вучковиќ-Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор Битола.

На седницата не присуствуваа членовите на Советот или нивните заменици: Елизабета Поп Ангелова или Бети Попова-Министерство за економија и труд, Бесник Бајрами или Јелена Арсова -Министерство за здравство, Шпреса Саиди или Александра Крстеска Ангеловска-Министерство за социјална политика, демографија и млади, Оливера Јакшиќ Транталовска (службен пат) или Марјан Патлиџанковски-Министерство за дигитална трансформација, Лендита Дика или Мисрете Едипи-Министерство за животна средина и просторно планирање, Дарко Аврамовски или Лајла Тутиќ-Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење", Сузана Стојановска или Ирена Лозана- Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа Скопје, Асиб Зекир или Мартина Иљаз-Здружение Иницијатива за економски развој на Ромите РЕДИ-Скопје, Теа Зографска или Мартина Станковиќ-Национален совет за родова рамноправност, Емилиа Ѓероска или Рубин Николоски-Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси ПРО Локал Битола.

На седницата на Советот присуствуваа и претставници на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Весна Тасевска, Миа Деспотовска и Елпида Самарџиоска од Секторот за анализа на политиките и координација и Илир Османи од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење, како и Светлана Ѓукиќ, тим лидер и Зоран Илиески експерт на проект „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија" финансиран од Европската унија.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го утврди следниов:

# Д Н Е В Е Н Р Е Д

- Усвојување на Записникот од Седмата седница на Советот, одржана на 22.12.2025 година

1. Предлог-закон за здруженија и фондации *(Министерство за правда)*

2. Предлог-Одлука за условите за распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година *(Министерство за односи меѓу заедниците)*

3. Предлог-Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2026 година *(Министерство за односи меѓу заедниците)*

4. Извештај за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2025 година со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати (за информирање) *(Министерство за односи меѓу заедниците)*

5. Прашања и предлози

*
*    *

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество едногласно и без забелешки го усвои Записникот од Седмата седница на Советот, одржана на 22.12.2025 година

*
*    *

## <u>Точка 1</u>

Никица Кусиникова ја отвори седницата, поздравувајќи ги присутните и ја отвори расправата по првата точка од дневниот ред Предлог-закон за здруженија и фондации давајќи и збор на Александра Цветановска како Координатор на работната група за изработка на Законот за здруженија и фондации.

Таа информираше дека Законот за здруженија и фондации е објавен на ЕНЕР, а Министерството за правда ќе организира консултации со граѓанскиот сектор во Гостивар, Штип и Битола, како и финален настан на 12.2.2026 година во Скопје. Истакна дека и по завршување на рокот за консултации на ЕНЕР ќе бидат оставени 10 дена за добивање писмени забелешки поврзани со Законот, по што би се организирале состаноци со работната група за соодветно внесување на истите во текстот. Потоа, Законот за здруженија и фондации ќе биде испратен на мислење до Венецијанската комисија, во верзија подготвена од страна на работната група со сите добиени коментари и по добивањето на мислење од Комисијата, работната група повторно ќе се состане и соодветно ќе ги внесе добиените коментари од страна на Комисијата, доколку ги има, а потоа законот ќе биде проследен во владина процедура.

Никица Кусиникова ги повика членовите на Советот на дискусија давајќи и збор на Драгица Вучковиќ која ги даде своите забелешки во однос на член 83 став (1) алинеја 5 која истакна дека условот во последните две години организациите да имплементирале проект со најмалку иста вредност како што е проектот за кој бараат поддршка претставува ограничување за малите организации.

Данче Даниловска Бајдевска своето излагање го започна со прашањето на кој начин забелешките ќе бидат евидентирани, дали ќе се пренесат во работна група или ќе бидат официјален став на советот, по што се заклучи дека истите ќе бидат доставени до Министерство за правда во форма на писмено мислење од Советот. Следејќи ја добрата пракса на Стратегијата за реформа на јавната администрација, поздравена и во Извештајот на Европската комисија, таа укажа на потребата Министерството за правда на својата веб страница да објави план за консултации, со цел организациите да можат да бидат информирани за датумот на нивното одржување. Како прва забелешка, таа го истакна предметот на законот (член 1), покрај државните органи, да се додаде Владата и локална самоуправа, а истото се однесува и на целиот текст на законот каде се спомнуваат државните органи. Понатаму, се осврна на непартиско дејствување (член 18), да се направи дистинкција организациите да не можат да обезбедуваат финансирање на политички партии, ниту да финансираат или да учествуваат во изборната кампања во корист на одредена политичка партија. Како следна забелешка ја истакна потребата од појасно дефинирање на поимот „област“ (член 4 став 1 точка 3) во смисла дека област на делување на организацијата претставува определено подрачје на дејствување на организацијата кон исполнување на својата мисија и стратешки цели. Во однос на учеството во кофинансирање на проекти финансирани од меѓународни донатори (член 78) истакна дека и двете понудени алтернативи се премногу ограничувачки и дека треба соодветно да се обработат, потенцирајќи дека она што се претставува како децентрализиран модел на финансирање е несоодветен за употреба. Даде забелешка на одредбите кои се однесуваат на регулирање на стопански дејности (член 56) истакнувајќи дека непрофитноста на граѓанските организации значи дека средствата кои ги остваруваат од стопанска дејност ќе ги користат за целите за кои што се формирани, но начинот на кој е формулирана одредбата на овој член не гарантира зачувување на принципот на непрофитност. Потоа укажа дека во поимникот на Законот се дефинирани „дејност“ и „област“ кои потоа во текстот на Законот се употребуваат несоодветно и побара ова со посебно внимание да биде разгледано од работната група.

Валентина Величковска ги сподели клучните препораки од состанокот на Работната група за трансформација на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации во хоризонтален правно обврзувачки акт, на делот на Законот за здруженија и фондации што се однесуваат на државната поддршка на организациите, и тоа: член 77, став 3, времетраењето на јавните повици да се усогласи со Кодексот, односно се предлага времетраењето на јавните повици да не трае помалку од 30 дена. Понатаму, насловот „Учество во кофинансирање на проекти финансирани од меѓународни донатори” пред член 78 да гласи „Кофинансирање на проекти финансирани од меѓународни донатори”. Во однос на член 78, Работната група ја поддржува Алтернатива 1, односно централизиран модел управуван од еден орган на државната управа, со укажување став 2 да се избрише, а во Законот јасно да биде утврден органот на државната управа кој ќе ги распределува средствата. Како главни опции за овој орган на државната управа, Работната група ги предлага: Министерство за финансии, Министерство за европски прашања (надлежен орган за координација на странска помош и регистрирање на проекти) и Генерален секретаријат (во чиј состав функционира организационата единица за соработка со граѓански организации). Понатаму, член 78 не дава целосна гаранција дека ќе се обезбедат доволно средства за обезбедување на кофинансирање за сите организации што имаат добиени проекти од Европската Унија и другите меѓународни донатори и не дава гаранција дека органот нема да има дискреционо право да одбие некое барање за обезбедување државни средства за кофинансирање. Предизвик е дали органот ќе може да предвиди доволно средства од буџетот и предложи да се застапува кај Владата и Министерството за финансии овие средства да се обезбедат од игрите на среќа, како што тоа е решено во други земји. Понатаму, го отвори прашањето дали да се ограничи кофинансирањето на 20% од висината на добиениот грант. Во однос на член 80 укажа да се додаде нов став 7 кој што ќе ја регулира обврската на органите на државната управа и едниците на локална самоуправа за јавно објавување на

програмите за финансирање на програмските активности на организациите, согласно начелата на транспарентност. Во член 81, во став 1 да се додадат следните алинеи: Механизам за прашања и одговори, Начин и рок за јавно објавување на резултатите од повикот и Регулирање на поедноставена постапка за доделување на мали грантови. Во член 83, став 1 да се избрише алинеја 5 (во последните две години, да имплементирале проект со најмалку иста вредност како што е проектот за кој бараат поддршка), бидејќи е престрог услов и не дава шанса на организации за раст и ова барање да се земе предвид во критериумите за оценка на пријавите. Во истиот став да се додаде нова алинеја што гласи: Да се занимаваат со активности и проекти во области од јавен интерес. Во член 84 став 5 зборот „условите" да се замени со „критериумите", а во став 7 да се размисли дополнително да се ограничи и висината на индивидуалниот грант (пр. до 5.000 евра) за да се применува оценувањето од страна на Комисијата од член 82. Следната забелешка се однесува на член 84, став 5 (стр.28) зборовите „може да" да се заменат со „ќе" и овој став треба да гласи: Не придржувањето кон обврските од овој член како и од договорот од ставот 2 на овој член ќе резултира со еднострано раскинување на договорот и враќање на примените средства. Таа нагласи дека во овој член треба да се дефинира и кој го мониторира и утврдува дека организацијата не се придржува кон обврските од член 84 од Законот. Побара во овој член да се додаде нов став 6 кој гласи: Организациите од став 1 на овој член кои не се придржувале кон обврските утврдени со овој член и чиј договор за грант еднострано е раскинат немаат право да аплицираат за финансиска поддршка од државата во период од две години. Понатаму, по член 84 да се додаде поднаслов: 9. Распишување на јавен повик и да се додаде нов член 85 што гласи: Владата и органите на државната управа објавуваат јавен повик 30 дена по донесување на Буџетот на Република Северна Македонија во дневните јавни гласила, на интернет страниците на органите на државната управа и на Генералниот секретаријат на Владата - организациона единица за соработка со граѓански организации. Во однос на рокот од 30 дена да се размисли имајќи го предвид коментарот од Одделението за соработка со невладини организации за реалноста и почитувањето на овој рок согласно тековниот Кодекс. Како последна забелешка таа предложи член 88 став 3 да се замени со два нови ставови кои гласат: (3) Советот е составен од 27 членови и заменици членови кои ги назначува Владата од редот на раководни административни службеници во органите на државна управа и претставници на организациите, за време од три години. (4) Мнозинството членови и претседателот на Советот се претставници на организации, избрани од организациите по пат на јавен повик, појаснувајќи дека со предложената измена се обезбедува јасна и прецизна законска рамка во однос на клучните елементи: составот, бројот и мандатот на членовите на Советот, како и постапката на нивниот избор.

Суеда Бајрами се осврна на предлогот на Валентина Величковска поврзан со член 85 и објавување ја јавен повик 30 дена по донесување на Буџетот на Република Северна Македонија, истакнувајќи дека тој рок е краток поради постоење на процедури кои го забавуваат тој процес. Таа се осврна на член 84 каде предложи да се додаде нов критериум „Буџет и ефикасност на трошоците". Во однос на оваа забелешка Александра Цветановска објасни дека со уредбата поблиску ќе се дефинира „Квалитет на пријавите" вклучително и буџетот и ефикасноста на трошоците.

Снежана Ристовска појасни дека Министерството за култура и туризам финансирањето на граѓански организации го врши според Законот за култура, а повикот се објавува во септември.

Моника Илиоска Кантарџиоска се осврна на член 88 и го поздрави пристапот во законот да се регулира Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, но оцени дека во членот треба да се додаде минимален број на членови, а ставот 2 да се усогласи со Одлуката и законот да се дополни со одредби за постапката за избор на членовите, фреквенција на седници, функционирање, право на реизбор и сл., за да се избегне ова прашање да се регулира со акт на Владата. Данче Данаиловска Бајдевска го поддржа предлогот во законот да се наведе минималниот број на членови на Советот и дека мнозинството на

членови на Советот се од граѓанското општество, но сепак истакна дека не е потребно да се оди во многу детали и пресликување на одлуката во законот.

Андреј Сених се осврна на член 77, став 3, во врска со времетраењето на јавните повици и укажа дека времетраење од 30 дена за јавни повици нема да биде соодветно во доменот на здравството каде што услугите што ги даваат здруженија треба да подразбираат континуирана достапност, па долгите процеси на селекција ќе значат прекин во услугите, и од таа причина го поддржа пократкиот рок од 15 дена, како што стои во разгледуваната верзија на Предлог-законот. Во член 83 во однос условите на учеството на организациите на јавниот повик, во став 1 алинеја 6 да се избришат зборовите „или поднеле пријава".

Никица Кусиникова додаде дека Предлог-законот за здруженија и фондации го споделила со мрежи на граѓански организации и коментарите кои биле добиени се однесувале на делот стопански дејности, поради различната терминологија за тоа што е стопанска дејност, што е економска активност, што е стопанска дејност од помал обем и предложи ова прашање да се појасни во член 4 (Значење на изразите употребени во овој закон). Други добиени сугестии од организациите се однесувале на делот Престанок на организацијата и предложи да се направи консултации со Централниот регистар за поедноставување на овој процес.

<u>Заклучоци:</u>

1. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, согласно дискусијата на седницата, да подготви предлог-мислење по Предлог-законот за здруженија и фондации и да го достави електронски до членовите на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

2. По усогласување на текстот, мислењето на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество по Предлог-законот за здруженија и фондации да се достави до Министерството за правда.

## <u>Точка 2</u>

Суеда Бајрами информираше дека Предлог-Одлуката за условите за распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, предложена од Министерството за односи меѓу заедниците, беше повлечена од владина процедура поради потребата да се усогласи со мислењето на Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, и да се обезбеди мислење од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

Драгица Вучковиќ го отвори прашањето за соодветноста на критериумите за проценка на квалитетот на проектите, меѓутоа во текот на дискусијата членовите на Советот оценија дека во овој дел не е потребно да се прават конкретни измени.

Валентина Величковиќ истакна дека има 2 забелешки во однос на Предлог-одлуката, посочувајќи дека е потребно да се направат измени во член 6, односно во делот каде што е наведено дека Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Министерството за односи меѓу заедниците, да се додаде и веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата, како и да се направат измени во член 8 став 2, односно да се избрише алинеја 6 „Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество", а членот да се дополни со нов став 4, кој ќе гласи: „Во

работата на Комисијата од ставот 1 на овој член учествува и претставник на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во својство на набљудувач".

Александра Цветановска предложи во Комисијата за евалуација на проектите да бидат вклучени клучните чинители за областите коишто ќе бидат предмет на Јавниот повик, со цел да се обезбеди соодветен капацитет на Министерството за односи меѓу заедниците за менаџирање со ваков тип на проекти.

Андреј Сених предложи да се преформулира член 7, став 2 и точката 7 да гласи : „Изјава на овластеното лице на здружението или на фондацијата дека не се обезбедени средства за исти активности од други извори", со цел да се намали административниот товар, но и да се избрише точка 8 од истиот став „Изјава на овластеното лице на здружението или на фондацијата дека за ист проект претходно нема добиено буџетски средства", бидејќи во многу ситуации здруженијата бараат средства како кофинансирање за проекти за кои имаат поддршка и од други донатори. Избегнувањето на двојното финансирање во таков случај се постигнува со тоа што различни активности од ист проект се покриваат од различни донатори, што е сосема вообичаена неспорна пракса. Исто така додаде дека не треба да се намалува максималниот износ на доделена поддршка од 600.000 на 500.000 денари, без разлика што е намален вкупниот износ на средства што ќе бидат доделени.

Претседателката на Советот изрази загриженост што со предложената Одлука и Програма во 2026 година, споредено со 2025 година, се намалува вкупниот износ на финансиската поддршка за проектни активности на здруженијата и фондациите за 1.867.000 денари, а максималниот износ на поединечните грантови на организациите се намалува за 100.000 денари, што може да влијае на квалитетот на предложените проекти, особено ако се има предвид дека согласно Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028 година, се предвидува поттикнување на институционален и организациски развој на граѓанските организации преку зголемување на финансиската поддршка во согласност со реалните можности на Буџетот на Република Северна Македонија. Воедно, предложи во член 12 од Одлуката, каде што се бара здруженијата и фондациите коишто добиле средства за финансирање на проектите да достават Извештај за користењето на средствата, како услов да се додаде и објавување на годишен извештај за претходната година.

Данче Даниловска-Бајдевска се надоврза и потсети дека една од причините за бојкотот на Советот беше токму намалувањето на средствата за финансиската поддршка за проектни активности на здруженијата и фондациите и порача дека во иднина треба да се размислува за зголемување на овој буџет.

<u>Заклучок:</u>

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ја разгледа Предлог-Одлуката за условите за распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, предложена од Министерството за односи меѓу заедниците и ги утврди следните забелешки:

- Во член 7 став 2 точката 7 да се преформулира и да гласи : „Изјава на овластеното лице на здружението или на фондацијата дека не се обезбедени средства за исти активности од други извори";

- Во член 7 став 2 точката 8 да се избрише, бидејќи организациите можат да спроведуваат повеќегодишни проекти или проектните активности да се поврзани со одбележување на годишни настани и сл.;
- Во член 8 став 2 да се избрише алинеја 6 „Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество", а членот да се дополни со нов став 4, кој ќе гласи: „Во работата на Комисијата од ставот 1 на овој член учествува и претставник на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во својство на набљудувач";
- Максималниот износ на доделена поддршка да не се намалува на 500.000 денари, туку да остане како во претходните години и да изнесува 600.000 денари.

**Точка 3**

Суеда Бајрами информираше дека Предлог-Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2026 година Министерството за односи меѓу заедниците ја подготви по примерот на Програмата за 2025 година и препораките од спроведената ревизија.

Данче Даниловска-Бајдевска уште еднаш потсети на причините за бојкотот на Советот, препорачувајќи да има поширок опфат на приоритетните и специфичните цели за финансиска поддршка на граѓанските организации, по примерот на Програмата за 2025 година.

Никица Кусиникова се надоврза на дискусијата дополнувајќи дека ја разбира интенцијата на Министерството за односи меѓу заедниците, меѓутоа, ако се земе во предвид дека овие средства претходно се доделуваа од Генералниот секретаријат на Владата, сепак треба да се размислува во насока на проширување на областите.

Во текот на дискусијата, членовите на Советот констатираа дека се намалени средствата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации во вкупен износ и по поединечен грант, во споредба со 2025 година, но и дека недостасуваат важни специфични и приоритетните цели што беа предвидени со Програмата за 2025 година, како на пример: Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија и Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност. Исто така, имајќи го предвид времетраењето на постапката за евалуација на проектите и донесување на одлуката за распределба на средствата, се препорачува да се предвиди доволно време за спроведување на проектите на граѓанските организации, по можност до крајот на календарската година.

По повод оваа точка од дневниот ред, Валентина Величковска укажа дека е потребно и останатите министерства да ги доставаат на мислење до Советот предлог-програмите со кои се предвидува финансиска поддршка на здруженија и фондации, пред нивното доставување до Владата.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ја разгледа Предлог-Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2026 година, предложена од Министерството за односи меѓу заедниците и ги утврди следните забелешки:

Согласно Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028 година, Владата на Република Северна Македонија се залага ресорните министерства, меѓу кои и Министерството за односи меѓу заедниците, да поттикнуваат институционален и организациски развој на

граѓанските организации преку зголемување на финансиската поддршка во согласност со реалните можности на Буџетот на Република Северна Македонија (Активност 1.2.1.4 од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата). Од тие причини, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество изразува загриженост што со предложената Програма во 2026 година, споредено со 2025 година, се намалува вкупниот износ на финансиската поддршка за проектни активности на здруженијата и фондациите за 1.867.000 денари, а максималниот износ на поединечните грантови на организациите се намалува за 100.000 денари, што може да влијае на квалитетот на предложените проекти. Советот препорачува во следните циклуси на планирање да се предвиди повисок вкупен износ на финансиската поддршка најмалку во висина на досегашните 20 милиони денари.

Во интерес на обезбедување поттикнувачка и одржлива околина во која функционира и се развива граѓанското општество, Советот препорачува поширок опфат на приоритетните и специфичните цели за финансиска поддршка на граѓанските организации, по примерот на Програмата за 2025 година и тоа:

- Во точка 2, А) Приоритетни цели, да се дополни со две нови алинеи:
  „ - Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
  - Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност;“

- Во точка 2, Б) Специфични цели, да се дополни со три нови алинеи:
  „- Јакнење на владеење на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите;
  - Развивање на систем на правда кој ефикасно ги штити човековите слободи, права и заеднички систем на вредности;
  - Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата, реформи во насока на владеење на правото и изградба на независни институции;“

Во интерес на поставување реални рокови за реализација на квалитетни проекти, се предлага периодот за спроведување на проектните активности да е до крајот на календарската година, организациите да достават извештај во рок од 30 дена од завршување на проектот, но не подоцна од 31 јануари 2027 година, а Министерството за односи меѓу заедниците да достави Извештај за реализација на оваа програма до Владата на Република Северна Македонија со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати, до 28 февруари 2027 година.

**2.** Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество препорачува ресорните министерства да ги доставаат на мислење до Советот предлог-програмите со кои се предвидува финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, пред нивното доставување до Владата за разгледување и донесување.

<u>**Точка 4**</u>

Во рамки на четвртата точка од дневниот ред, Андреј Сених посочи дека нема суштински забелешки по содржината на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2025 година, но укажа на сериозен проблем поврзан со скратениот период за имплементација на програмата, при што реализацијата била ограничена на приближно четири месеци. Тој оцени дека ваквата пракса негативно влијае врз квалитетот на спроведувањето и треба да се избегнува во иднина. Дополнително, посочи дека дел од средствата не се целосно реализирани и дека кај

10 од вкупно 33 здруженија е утврдено недоставување соодветна документација за правдање на трошоците, што резултира со обврска за враќање на средствата. Според него, ова претставува индикатор за квалитетот на избраните проекти и за начинот на селекција, на што веќе беше укажано и образложено во извештајот доставен до Советот.

Валентина Величковска го пофали извештајот, истакнувајќи дека е јасно структуриран и дека на почетокот се дадени сумирани резултати, што, според неа, претставува една од покомплексните задачи при подготовка на ваков тип извештаи.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска нагласи дека, согласно воспоставената пракса, извештајот треба да биде објавен на веб-страницата на надлежното министерство, како и дека е пожелно наративните извештаи на граѓанските организации да бидат објавени како прилог, со цел да се зголеми транспарентноста. Таа укажа дека е важно описите на реализираните активности и постигнатите резултати да бидат што е можно поконкретни (на пример, наведување датуми, локации, линкови до изработени платформи), со цел да се овозможи следење и оценка на одржливоста на резултатите. Во таа насока, таа посочи дека е потребно јасно да се разграничат случаите каде активностите не се реализирани од оние каде недостига документација за оправдување на трошоците, и тоа соодветно да се евидентира во извештајот.

Во продолжение, се отвори прашањето за роковите за склучување на договорите и временската рамка за реализација, при што беше нагласено дека усогласувањето на роковите за извештај кон Владата со реалниот период за имплементација е од суштинско значење за квалитетно спроведување на програмата.

Суеда Бајрами појасни дека, согласно програмските обврски и препораките од ревизијата, средствата треба да се реализираат во тековната година и дека Министерството за односи меѓу заедниците е обврзано да достави извештај до Владата до крајот на годината, што директно влијаело врз времетраењето на имплементацијата.

По завршување на дискусијата, претседателката на Советот констатираше дека извештајот е опсежен и содржи релевантни информации, но дека во иднина е потребно да се обезбеди подолг и пореалистичен период за имплементација, како и подетално и појасно образложување на реализираните активности и резултати.

**Заклучок:**
Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2025 година и укажа на потребата од подобро планирање на роковите за имплементација на проектите, како и од зголемена транспарентност и деталност во наративните и финансиските извештаи.

<u>**Точка 5**</u>

Сузана Никодијевиќ-Филиповска информираше дека на наредната седница на Советот ќе се разгледува Годишниот извештај за работата на Советот за 2025 година. Таа посочи дека, согласно Одлуката за формирање и Деловникот за работа на Советот (член 37), членовите од граѓанските организации имаат обврска до 20 јануари да доставаат краток извештај за комуникацијата и координацијата со организациите што ги застапуваат, и ги повика членовите најдоцна до крајот на наредната недела да ги доставаат овие информации по електронски пат на nvosorabotka@gs.gov.mk, со цел истите да бидат вклучени во

годишниот извештај. Дополнително, таа информираше дека во Извештајот ќе биде опфатено и активното учество на членовите на седниците на Советот, преку табеларен преглед на присуство, при што потсети дека согласно член 9 од Одлуката за формирање, во случај на три последователни отсуства, Советот може да покрене постапка за престанување на членување. Во таа насока, информираше дека кај дел од министерствата е евидентирано континуирано отсуство, при што особено беше посочено Министерството за здравство, за кое е потребно да биде иницирана постапка за предлагање нов член и заменик член.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска, исто така, нагласи дека при споделување информации за одржување на седниците, потребно е појасно да се нагласува дека членовите на Советот ги пренесуваат ставовите на организациите што ги застапуваат, за да се избегне толкување дека организации се поканети да присуствуваат на седниците на Советот. Во продолжение, таа побара заклучок од Советот дали и кои претставници на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации“, финансиран од Европската Унија, треба да биде редовно поканувани да присуствуваат на седниците на Советот, имајќи ги предвид одредбите од Деловникот за работа кои дозволуваат учество на стручни лица и претставници на организации по покана.

Никица Кусиникова појасни дека досегашната пракса била поканувањето на надворешни чинители да се договара на самата седница, но дека во случајот со проектот постои континуирана соработка и интерес проектниот тим да биде информиран за дискусиите поврзани со законите и документите релевантни за работата на Советот. Членовите на Советот изразија согласност тим лидерот на проектот Светлана Ѓукиќ и Зоран Илиески да продолжат да присуствуваат на седниците.

Во продолжение, беше појаснето дека експертите од проектот веќе имаат изготвено нацрт-Стратегија за комуникација на Советот, која ќе биде споделена со членовите по завршување на интерната проверка, како и дека во втората половина на март е планирана работилница надвор од Скопје, на која ќе се дискутира Стратегијата и други аспекти значајни за работата на Советот.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество констатира престанок на членување во Советот на членот и заменикот член од Министерството за здравство, согласно член 18 од Деловникот за работа на Советот, поради отсуство од 8 последователни седници. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата писмено да се обрати до Министерството за здравство со барање за номинирање на нов член и заменик член на Советот од ова министерство.

2. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, согласно член 26 став 4 од Деловникот за работа на Советот, заклучи на седниците на Советот да се покануваат да учествуваат без право да одлучуваат: Светлана Ѓукиќ, тим лидер и Зоран Илиески, експерт, на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“, финансиран од Европската унија.

Седницата заврши во 13:00 часот

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество
Никица Кусиникова

ДОСТАВЕНО ДО:

- Лидија Најдова-Ниневска и Гоце Стоиловски- Министерство за внатрешни работи
- Бојана Босилкова и Александра Цветановска - Министерство за правда
- Суеда Бајрами и Егзона Локи - Министерство за односи меѓу заедниците
- Даница Насова Иванова и Марија Николовска Ѓорѓиев- Министерство за европски прашања
- Ангелина Јакимовска и Оливера Маркоска Ивановски - Министерство за финансии
- Елизабета Поп-Ангелова и Бети Попова - Министерство за економија и труд
- Бесник Бајрами Јелена Арсова - Министерство за здравство
- Весна Виќњевиќ и Александра Анчева - Министерство за образование и наука
- Шпреса Саиди и Александра Крстеска Ангеловска - Министерство за социјална политика, демографија и млади
- Стефан Вангелски и Александра Куновска - Министерство за локална самоуправа
- Снежана Ристовска Ирина Димовска - Министерство за култура и туризам
- Оливера Јакшиќ Транталовска и Марјан Патлиџанковски- Министерство за дигитална трансформација
- Лендита Дика и Мисрете Едипи - Министерство за животна средина и просторно планирање
- Валентина Величковска и Дарко Димов - Македонски центар за меѓународна соработка Скопје
- Дарко Аврамовски и Лејла Тутиќ - Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ Скопје
- Маја Атанасова и Бојана Божиновска Силјановска - Македонско здружение на млади правници-МЗМП Скопје
- Симонида Кацарска и Беба Жагар - Институт за европска политика Скопје
- Никица Кусиникова и Виктор Мирчевски - Здружение Конект Скопје
- Моника Илиоска Кантарџиоска и Томислав Гајтаноски - Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп
- Сузана Стојановска и Ирена Лозана- Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа Скопје
- Асиб Зекир и Мартина Иљаз – Здружение Иницијатива за економски развој на Ромите РЕДИ Скопје
- Теа Зографска и Мартина Станковиќ - Сојуз-Национален совет за родова рамноправност Скопје
- Елизабета Божиноска- ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје и Андреј Сених, Здружение за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ- Заедно посилни, Скопје
- Емилиа Ѓероска и Рубин Николоски - Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола
- Зоран Димов- Здружение Ромски Деловен Информативен Центар на Македонија- ЗРДИЦМ Скопје и Ахмет Јашаровски – Центар за ромска заедница ДРОМ Куманово
- Бардил Јашари и Данче Даниловска Бајдевска - Фондација за интернет и општество Метаморфозис Скопје
- Драгица Вучковиќ и Милорад Вучковиќ - Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор Битола

Подготвиле: Весна Тасевска, помошник раководител на Сектор за анализа на политиките и координација, за соработка со граѓанскиот сектор
Миа Деспотовска, раководител на Одделение за соработка со невладини организации
Елпида Самарџиоска, помлад соработник во Одделение за соработка со невладини организации
Одобрила: Сузана Никодијевиќ Филиповска, раководител на Сектор за анализа на политиките и координација